РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -

# П Р А В И Л Н И К

## ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 04 - 1317 / 24

18 . 9 .2018 година

СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008 167/2010 и 51/2011), член 39 став 2 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015 и 140/2018), член 17 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016 и 35/2018), а во врска со член 22 од Правилникот за содржината и начинот на подготовката на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места, како и содржината на функционалната анализа на институциите на јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 11/2015), на 18.9.2018 година, генералниот секретар на Владата на Република Македонија, донесе

**ПРАВИЛНИК**
**за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија**

**Член 1**

Со овој правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија бр. 43-5893/1 од 9.6.2015 година, бр. 43-5893/5 од 23.11.2015 година, бр. 04-5107/1 од 28.6.2016 година, бр. 04-5107/4 од 14.7.2016 година, бр. 47-2375/1 од 30.5.2017 година, бр. 47-2375/3 од 4.8.2017 година, бр. 47-2375/8 од 11.12.2017 година, бр. 04-1317/2 од 31.1.2018 година, бр. 04-1317/4 од 12.2.2018 година, бр. 04-1317/8 од 2.3.2018 година, бр. 04-1317/14 од 31.5.2018 година, бр. 04-1317/16 од 11.7.2018 година и бр. 04-1317/19 од 14.8.2018 година во членот 11 точка 1. Сектор за стручно-оперативна и логистичка поддршка на генералниот секретар и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија и министрите без ресор, потточка 1.10 Одделение за стручно-оперативна и логистичка поддршка на Националниот координатор за намалување на ризици од несреќи и катастрофи на Република Македонија, кај редниот број 77. Советник за намалување на ризици од несреќи и катастрофи и меѓуинституционална соработка, во делот вид на образование: зборовите „Правни науки“ се заменува со зборовите „Организациони науки и управување (менаџмент) “.

**Член 2**

Во членот 11 точка 15. Сектор за односи со јавноста, потточка 15.1 Одделение за односи со медиумите, координација и организација на информативните активности, кај редниот број 328. Советник за односи со медиумите, во делот број на извршители бројот „2“ се заменува со бројот „3“ и во делот вид на образование се додава зборот „Социологија“.

**Член 3**

Во членот 11 точка 16. Сектор за општи работи, потточка 16.1 Одделение за општи и нормативни работи, кај редниот број 349. Раководител на Одделението за општи и нормативни работи, во делот вид на образование зборовите „Економски науки“ се заменуваат со зборовите „Јавна управа и администрација“.

**Член 4**

Во членот 11 точка 16. Сектор за општи работи, потточка 16.4 Одделение за одржување и ракување со техничка опрема кај редниот број 375. Помлад соработник за стручно-оперативна поддршка, во делот број на извршители бројот „6" се заменува со бројот „5".

**Член 5**

Утврдената измена во овој Правилник се однесува и на табеларниот преглед кој е составен дел на Правилникот за систематизација на работните места во Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.

**Член 6**

Овој Правилник влегува во сила со објавувањето на огласната табла и на интернет страницата на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, а ќе се објави по добиената писмена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Број 04-1317/24

18.9.2018

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

д-р Драги Рашковски